


unicef
for every child

НОЕМВРИ 2024 Г.

# Европската гаранција за деца во Северна Македонија

## Механизам за справување со циклусот на сиромаштија и исклученост

Сиромаштијата и исклученоста имаат големо влијание врз животот на децата, спречувајќи им пристап до основните социјални услуги и можности што се клучни за нивниот развој. Иако основните социјални услуги како здравство, образование и социјална заштита постојат во земјата, децата што се соочени со сиромаштија и исклученост наидуваат на поголеми бариери за пристап до услугите, бидејќи системите не се насочени кон опслужување на овие деца. Од клучно значење е тие и нивните потреби систематски да се идентификуваат, да се допре до нив, да се поврзат со основните услуги и да се следат низ целиот систем.

### Што е Европска гаранција за деца?

Европската гаранција за деца претставува механизам на ЕУ за спречување и справување со социјалната исклученост. Со неа се гарантира ранливите деца да имаат пристап до минимални пакети на основни социјални услуги, како и до насочени и специјализирани услуги соодветни и прифатливи за децата и нивните старатели, а кои се обезбедуваат без стигматизирање и дискриминација. Со гаранцијата се воведува иновативен пристап кон буџетирањето за давање услуги, планирање и развивање национални акциони планови за намалување на детската сиромаштија и за решавање на систематската обесправеност на особено ранливите деца.

Целта на Европската гаранција за деца е спречување и борба против социјалната исклученост со гарантирање ефективен пристап за децата што имаат потреба од низа клучни услуги како:

- бесплатно образование и грижа во раното детство
- бесплатно школување (вклучувајќи бесплатен пристап до материјали, воннаставни активности и поддршка за инклузивно образование)
- бесплатна здравствена заштита (вклучувајќи и во однос на менталното здравје, превентивна нега и стоматолошка заштита и имунизација)
- здрава исхрана (бесплатни или субвенционирани здрави училишни оброци, како и дистрибуција на овошје, зеленчук и млечни производи, и унапредување на здравата исхрана)
- соодветно домување (вклучувајќи парична помош за домување, осврт на енергетската сиромаштија, премин на децата од институционална или згрижувачка грижа кон семејно згрижување во заедницата, и поддршка во насока на самостоен живот и социјална интеграција)

Иако повеќето деца во Северна Македонија имаат пристап до некои од овие услуги, отстранувањето на бариерите за пристап и натамошниот развој на услугите за поддршка на семејствата и децата се пресудни за обезбедување еднакви можности за секое дете, особено за децата соочени со социјална исклученост поради сиромаштија или други форми на обесправеност.

Изоставените деца се во сржта на Европската гаранција за деца. Механизмот е посветен на заштита на најранливите деца, каде спаѓаат **сиромашните, децата со попреченост, децата во системот за алтернативна грижа и детска заштита, децата со мигрантско потекло, бездомните деца или децата лишени од дом, децата со несигурни услови во семејството[1] и оние од маргинализираните заедници**.

На почетокот, иницијативата беше осмислена за земјите-членки на ЕУ и претставува дел од пошироката рамка за социјална политика на ЕУ. Бидејќи земјите-кандидатки за членство во ЕУ ги усогласуваат своите национални системи со стандардите на ЕУ и ја подобруваат социјалната кохезија, Гаранцијата е релевантна и за Северна Македонија.

1. Децата што живеат во несигурни услови во семејството се деца изложени на семејно насилство, проблеми со менталното здравје, деца кои минуваат низ долготрајна болест или злоупотреба на супстанци, деца кои имаат мајка-тинејџерка или самите се мајки-тинејџерки, имаат родители со попреченост, живеат во домаќинства со еден хранител, деца од екстремно сиромашни домаќинства.

## Како УНИЦЕФ ја поддржува имплементацијата на Европската детска гаранција?

Од 2021 година, УНИЦЕФ е партнер со Европската комисија и земјите-членки на ЕУ за поддршка на планирањето и пилотирањето на Европската детска гаранција во Бугарија, Хрватска, Германија, Грција, Италија, Литванија и Шпанија.

При работата на гаранцијата во Северна Македонија, УНИЦЕФ го користи ова искуство, како и својата заложба за повеќе-секторски пристап кон решавање на сиромаштијата, исклученоста и неволјите во детството. Нашите добро воспоставени партнерства со министерствата за здравство, образование и наука, социјална политика, демографија и млади, обединуваат различни чинители во поддршка на развивањето национална иницијатива за Европската детска гаранција.

Поконкретно, УНИЦЕФ ја поддржува земјата во:

- Реализација на анализа за идентификување на најранливите групи деца, проценување на постојните услуги и програми за поддршка во решавањето на детската сиромаштија и социјалната исклученост, и изработка на препораки за политики.
- Развивање Национален акциски план за Европската гаранција за деца со цел справување со детската сиромаштија и социјалната исклученост на децата, врз основа на сеопфатна анализа на политиките и состојбите.

**Преглед за децата што живеат во сиромаштија и исклученост во Северна Македонија:**

- Една третина од децата живеат под националниот праг на сиромаштија; 79% од ромските деца живеат во сиромаштија.
- Се проценува дека 20.000 деца немаат ефективно здравствено осигурување.
- 7% од ромските деца посетуваат јавни детски градинки, во споредба со 45% од вкупното население.
- 14.000 деца не посетуваат основно образование; 56% од ромските деца завршуваат основно образование во споредба со 94% кај од вкупното население.
- Над 22.000 деца низ земјата не посетуваат задолжително средно образование.
- 50% од децата со попреченост не преминуваат во задолжително средно образование.
- Секое четврто дете згрижено во формално резиденцијално сместување е дете со попреченост.
- 73% од децата насилно се дисциплинираат дома.

Нашата идна работа вклучува пилотирање на иновативни и докажани пакети на услуги за најранливите деца.

Фонд за деца при Обединетите нации (УНИЦЕФ)
Орце Николов 74, 1000 Скопје www.unicef.mk тел : +389 2 3231150
е-пошта: skopje@unicef.org Следете го УНИЦЕФМК на Facebook, Twitter, Instagram, YouTube, LinkedIn